# Е-Билтен

**Активности од проектот: Не си сам/а – канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка 2**

Се одржа прва регионална средба за вмрежување „Како до подобар координиран пристап до правда за маргинализираните заедници“ на која присуствуваа претставници од релевантни институции од општините Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе. Целта на оваа средба е претставување на два успешни модели на координирано работење и постапување. Едниот се однесува на неформалното Локално координативно тело а другиот пример за успешни и функционални интерсекторски работни групи.



Одржавме трибина на тема „Работничките права во пракса – горливи проблеми и прекршувања на правата“.
Трибината имаше за цел да ја промовира канцеларијата за бесплатна правна и психо-социјална поддршка при ОЖОСВН, како и одблиску да ги запознае присутните со прекршување на правата од работен однос и нивна заштита.



ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 или да не контактирате преку следниве**

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:

032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах
13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole

ОЖОСВН беше дел од конференцијата: „Пристап до правда: пристапни сервиси и зајакнати заедници“, каде зборувавме за придобивките и предизвиците на интегрираните правни и психо-социјални услуги.









Одржавме информативни средба со жени од рурални средини Кадрифаково и Амзабегово во општина Свети Николе. Целта на овие средби е да се запознаат жените од руралните средини со услугите кои ги пружа Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка при ОЖОСВН.

Што е психо-социјална поддршка и зошто таа е важна слушнете во подкастот со психологот Емина Петкова на нашите социјални медиуми или на линкот: https://fb.watch/jGiy7l9nv1/









ОЖОСВН континуирано ја промовира канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка со цел да информираме и помогнеме на повеќе луѓе









Активности од проектот: Јаки жени, ја јакнат заедницата – II

Одржавме работилница на тема „Иницијативност и солидарност – моќ за промени" во с.Иванковци. Самата работилница беше во форма на дебата и отворена дискусија, каде учесничките сами можеа да дојдат до решенија, идеи, заклучоци за тоа што здружени и заеднички можат да направат за да ја унапредат нивната положба во средината.





Виктори ќе ви каже повеќе за родовата еднаквост во видео кое може да го видете на нашите социјални медиуми или на линкот: https://fb.watch/jGnZGC4NMq/



Одржавме еднодневна обука за концептот на интегрирање на родова перспектива и градење на родово сензитивни локални институции наменети за претставници од различни институции во општина Свети Николе.
Целта на оваа основна обука е учесниците да се стекнат со основни знаења, вештини и вредности кои ќе им овозможат ефективно да се интегрира концептот на родова еднаквост во нивната секојдневна работа.





**Активности од проектот: Родова перспектива на потребите, политиките и буџетот на општина Пробиштип**

ОЖОСВН во периодот од април 2022 до септември 2023 го реализира проектот „Родова перспектива на потребите, политиките и буџетот на општина Пробиштип“.
Во рамки на овој проект на 31 јануари се одржа јавна дебата во општина Пробиштип на тема „Жените се дел од општината, колку нивните потреби се вклучени во локалните политики?“. Оваа дебата повеќе беше во форма на фокус група каде ОЖОСВН поставуваше прашања, а присутните искажуваа свои ставови, мислења и искуства во делот на вклученост при креирање локални политики.






## Активности од проектот: Вклучени млади, силни заедници

Одржавме инфо сесија за Законот за младинско учество и младински политики на која присуствуваа претставници од институции/здруженија кои работат со млади, дел од советници, службеникот за млади, претставник од совет на млади и млади од општина Свети Николе.





Одржавме обука за Застапување базирано на докази. Обуката беше наменета за млади од општина Свети Николе и на истата присуствуваа претставници од подмладоци на политичките партии, училишна заедница, членови од локалниот младински совет и претставници од Општина Свети Николе. Целта на оваа работилница е да ги направиме младите поактивни во заедницата.






**ОЖОСВН континуирано ги едуцира младите со спонзорирани постови во врска со можностите кои им ги нуди ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ**






ОЖОСВН организираше настан каде членките на групата за самопомош - жени заболени и лекувани од малигни заболувања беа запознаени со годишната Здравствена програма на ОЖОСВН и активностите планирани за 2023. На средбата се споделија впечатоци од активностите реализирани од предходната годината, како и идеи за унапредување на работата на групата во тековната година.





## Групата за самопомош и во овој квартал одржуваше активни работилници на повеќе теми:

16.02.2023 - Возрасните луѓе и деменцијата



28.02.2023 - Жена – грижи се за себе



16.03.2023 - Вежби за горниот дел од телото



28.03.2023 - Стрес и релаксација - с.Црнилиште



ОЖОСВН е една од грантистите на проектот СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, кој ќе се реализира во наредните 24 месеци.



## Активности на ОЖОСВН по повод 8 Март

ОЖОСВН и оваа година беше дел од повеќе активности за одбележување на Меѓународниот ден на жената – 8 Март, за борба на жените за социјална, економска и политичка правда.

Учествувавме на панел дискусијата на тема: „Дигитално образование – приоритет за постигнување на родовата еднаквост“, организиран по иницијатива на сопругата на претседателот на Република Северна Македонија, г-а Елизабета Ѓоргиевска и во соработка со Женска граѓанска иницијатива – ЖГИ АНТИКО.





Во поддршка на националната борба за правата на жените и како членка на Платформата за родова еднаквост, бевме дел од маршот „Ќе преживеат ли жените овде?“ во Скопје.

Бевме дел од маршот кој беше организиран од мрежа НИКА во Свети Николе. Традиционално се положи цвеќе на паднатите борки за слобода од Општина Свети Николе



**Борбата за социјална, економска и политичка рамноправност не се случува само на 8 Март, не застанува тука, таа е секојдневна, континуирана, заедничка. Колективниот активизам е она што ги поттикнува промените.**

Настан „Жена за жена“ кој беше организиран од ученичките Миа Адраманова, Ана Михајлова, Неда Наковска и Евдокија Маркова заедно со Општина Свети Николе, во соработка со НИКА и СОУ Кочо Рацин. Благодарност до Емилија Наскова за одличната музика и Теа Бошкова за инспирирачкиот говор.









Како дел од мрежа НИКА учествувавме во кампањата #ПрегрниЈаСолидарноста за Меѓународен ден на жената







ОЖОСВН како една од членките на Платформата за родова еднаквост реагираме и споделуваме во интерес на нашите целни групи.







**Ви благодариме за поддршката!**